# MARKET SITUATION AND EXPORT - IMPORT OF MEDICAL AND AROMATIC PLANTS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Mile Jakimovski**
A.D.ESM, Skopje, Republic of North Macedonia, mile_ku@yahoo.com

**Abstract:** Medical and aromatic plants (MAP) are found on the market in R.N. Macedonia as cultivated plants and plants collected directly from nature. They appear either as products that are consumed as they are in nature, as processed or as additives to certain products. Regarding the production of the same, lately there is a growing interest for cultivation of MAP, which according to their classification belong to the group of organic products, and thus in the cultivation process should meet certain organic production standards which, among other things, requires land adaptation process so although producers intend to produce, they are still waiting for the adaptation time to pass. Plants harvested directly from nature have their own value chain that starts with collectors who hand over the plant material to buyers as dry or raw plant material who then release it in the same or processed form, which usually ends up in a foreign market. In addition, we find in our market MAPs that are imported usually as final products but not infrequently in the form of teas and spices. The purpose of this paper is to show the state of this activity within the domestic market but even more so in the import-export balance because in recent years there is a noticeable trend of increasing imports relative to exports. To locate the reasons why the import is higher and the export is lower, as well as to give certain suggestions and recommendations for increasing the export and traffic.
**Keywords**: Medical and aromatic plants, market, import, export, traffic

# СОСТОЈБАТА НА ПАЗАРОТ И ИЗВОЗ- УВОЗОТ НА ЛЕКОВИТИТЕ И АРОМАТИЧНИ РАСТЕНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Миле Јакимовски**
А.Д.ЕСМ, Скопје, Република Северна Македонија, Mile_ku@yahoo.com

**Абстракт:** Лековитите и араматачните растенија (ЛАР) се среќаваат на пазарот во Р.С Македонија како култивирани растенија и растенија собрани директно од природата. Истите се појавуваат или како производи кои се конзумираат онакви како што се во природата, како преработени или како додатоци на одредени производи. Во однос на производството на истите во последно време се поголема е заинтересираноста за култивирање на ЛАР, кои согласно нивната класификација спаѓаат во групата на органски производи, а со самото тоа во процесот на култивирање треба да исполнат одредени органски стандарди на производство кој меѓу другото бара и процес на прилагодување на земјиштето па иако производителите имаат намера за производство, сеуште чекаат да помине времето за прилагодување. Растенијата соберени директно од природата си имаат свој вредносен синџир кој почнува со собирачи кои растителниот материјал го предаваат на откупувачи како сув или суров растителен материјал кои понатаму ист или преработен го пуштаат во понатамошен промет кој најчесто завршува на странски пазар. Покрај тоа ние на нашиот пазар се среќаваме и со ЛАР кои се увезени обично како финални производи но не ретко и во форма на чаеви и зачини. Целта на овој труд е да ја прикаже состојбата на оваа дејност во рамки на домашниот пазар но уште повеќе во увозно извозниот баланс бидејки во последните години забележителен е трендот на зголемување на увозот во однос на извозот. Да се лоцираат причините зошто е се поголем увозот, а помал извозот како и да се дадат одредени сугестии и препораки за зголемување на извозот и прометот.
**Клучни зборови**: Лековити и ароматични растенија, пазар,увоз, извоз, промет

## 1. ВОВЕД

Поради се поприсутното загадување и индустријализација, поновите трендови во исхраната се насочени кон така наречената ,,здрава храна,, произведена по принципите на органско производство. Самоникнатите диви растенија, со развојот на концептот на органско производство заземаат се поважно место во процесот на производство на храна во светот. Во нашата земја која зафаќа едвај 0,26% од површината на Европскиот континент, има околу 3.700 вида на виши (васкуларни) растенија, во стручната литература познати како флора. Тука спаѓаат скриеносемените растенија, мововите и папратите, од кои околу 700 имаат полезни својства за употреба (се користат само околу 120 вида). Капацитетите на Република Македонија во делот на собирање на самоникнати диви видови се многу големи, но недоволно истражени, благодарение на својот

богат биодиверзитет ФАО (2005). Но, со зголемувањето на побарувачката за оваа група на производи, истовремено постои реална опасност за загрозување на еко-системите, а во крајна рамка и на биодиверзитетот во целина. Од тука се поставува и нова стратегија со стопанисувањето со ЛАР обид за култивирање на лековитите и ароматичните растенија. Секако дека тука станува збор за одредени видови на растенија, кои можат да се култивираат, истите мора да бидат засадени во одредени услови ако сакаат да ги задоволат критериумите на органското производство .За да овие услови се реализираат потребна е сертификација која трае во период не помал од 3 години. Но мора да се напомене дека без разлика на тоа дали ЛАР се собрани во природата во своите природни станишта или се произведени во култивирани услови и органски критериуми, иако во институциите во државата добиваат различни одобренија, евиденции и слично, во делот на статистика се водат под еден тарифен број независно од нивното потекло.Во овој труд ќе бидат прикажани збирните количини на увоз и на извоз во Република Северна Македонија во кои се поместени и едните и другите растенија. Во една временска серија од 18 години како би можеле да го видиме трендот на намалување на извозот а зголемување на извозот, истовремено ќе ги детектираме најголемите земји увозници и извознички, и ќе се обидеме да ги детектираме некои од причините за ваквата состојба.

## 2. МАТЕРИЈАЛ И МЕТОД НА РАБОТА

Материјалот за истражување се темели врз собирање на секундарни податоци. Податоците се превземени од релевантната универзитетска литература, научни изданија и публикувана литература на експерти во оваа област, научни трудови, извештаи, достапни податоци од соодветни институции, како и податоци од Интернет - порталите www.unctad.org, www.intracen.org и www.stat.gov.mk. www.mzsv.gov.mk Користената литература е превземена од достапните изданија од соседните земји, каде што во поголема мера се истражува оваа тема.

Податоците за пазатор со ЛАР се превземени од датабазата UNCTAD, а табеларните прикажи се обработени на база на ITC калкулации базирани на UN COMTRADE статистика. Периодот на анализа е 2001-2019 година.

За споредба на состојбата на ЛАР се користи методот на компарација, со кои се утврдуваат состојбите, предностите и слабостите на земјите одделно.

## 3. РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

### 3.1 Меѓународна трговија со ЛАР на Република Северна Македонија

Истражувани се резултати во временска низа 2001-2019 со исклучок на 2008 година за која нема достапни податоци. Податоците се од УНКТАД (UNCTAD), а статистичките операции се вршени од страна на интернационалниот трговски центар со седиште во Швајцарија. Надворешно трговскиот биланс на Лековитите и ароматични растенија е прикажан количински во тони, но и финансиски во евра. Извозот во тони драстично опаѓа од 2001 година кога имало извоз од 1210 тони , па се до 2017 кога се бележи вкупен извоз од 200 тони. Потоа покачување има на 403 тони во 2018 година односно 565 тони во 2019 година. Увозот пак во тони има континуирано намалување од 2002 кога е увезено 356 тона ЛАР па се до 2007 година со 136 тона увоз. Во понатамошниот период има променливи количини кои од година во година се покачуваат или намалуваат, за да во 2016 година достигнат максимална количина од 400 тони увезен растителен материјал. Во однос на надворешно трговскиот биланс треба да се каже дека за прв пат се остварува дефицит во однос на количините 2015 година во која има 8 тона повеќе увезено одколку извезено, и 2016 кога има дефицит од 130 тона.

**Таб.1 Надворешно трговски биланс на Р.С.Македонија за ЛАР**

| години | Извоз во тони | увоз во тони | разлика | Увоз во евра | Извоз во евра | Биланс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2001 | 1210 | 289 | 921 | 393 | 1739 | 1346 |
| 2002 | 726 | 356 | 370 | 384 | 1122 | 738 |
| 2003 | 781 | 294 | 487 | 364 | 1252 | 888 |
| 2004 | 629 | 229 | 400 | 510 | 1058 | 548 |
| 2005 | 462 | 134 | 328 | 568 | 1201 | 634 |
| 2006 | 810 | 181 | 629 | 665 | 1642 | 977 |
| 2007 | 600 | 136 | 464 | 514 | 1633 | 1119 |
| 2008 | | | 0 | | | |
| 2009 | 377 | 215 | 162 | 816 | 1480 | 664 |
| 2010 | 401 | 194 | 207 | 695 | 1731 | 1036 |
| 2011 | 341 | 378 | -37 | 1205 | 1740 | 535 |
| 2012 | 322 | 214 | 108 | 761 | 1517 | 756 |
| 2013 | 335 | 209 | 126 | 778 | 1299 | 521 |
| 2014 | 295 | 283 | 12 | 1052 | 1086 | 34 |
| 2015 | 206 | 214 | -8 | 1004 | 944 | -59 |
| 2016 | 270 | 400 | -130 | 2043 | 998 | -1045 |
| 2017 | 200 | 209 | -9 | 1014 | 800 | -214 |
| 2018 | 403 | 185 | 218 | 1196 | 1434 | 238 |
| 2019 | 565 | 335 | 230 | 1873 | 1772 | -101 |

Извор:ITC-Intracen – Сопствена пресметка

Во однос на финансиските ефекти извозот има континуирано намалување со мали скокови и падови од 1.739.000 евра во 2001 година се до 2009 година со 1.480.000 евра .Потоа Скок од 1.731.000 и 1.740.000 и 1.517.000 евра во трите последователни години и потоа пак драстичен пад до 2017 година со едвај 800.000 евра извоз за да последните две години повторно има раст во извозот со 1.434.000 и 1.772.000 евра. За Разлика од количините во која се остварени дефицити само во две последователни години овдека се гледа финансиски дефицит од четири години. Првата дефицитарна година е 2015 кога има дефицит од 59.000 евра, 2016 год. е со највисок дефицит кој изнесува 1.045.000 евра и на крајот 2017 и 2019 години со 214.000 евра и 101.000 евра. Значи може да се заклучи дека има континуиран пад на целата дејност. Забележливо е зголемување на трендот на увоз, наспроти трендот на извозот и во количини (тони) и во финансиски ефект во евра.Увозот има нагорен тренд од 393.000 евра 2001 па се до 1.873.000 евра во 2019 година

**3.2 Анализа на извозно-увозните цени на ЛАР**

За да се одговори на оваа прашање зошто пермамнентно се намалува извозот во однос на увозот треба да се согледаат уште неколку параметри. За почеток ќе се земат просечните увозни и извозни цени за секоја година поединечно.

Од нив неможе да се види некоја поголема разлика и може да се заклучи дека нема субституција во увозот и извозот значи нема купување на повреден растителен материјал а продавање на поефтин или обратно, што самото по себе доведува до заклучок дека се изезува и увезува лековити ароматични растенија со слична структура .Но забележлива е појавата што со текот на годините цените се пониски и е спротивно од вообичаениот тренд на покачување на цените. Оваа значи дека трошоците на собирање или на производство се намалуваат и одредени земји стануваат се поконкурентни. Сам по себе се наметнува заклучокот дека до намалување на цените може да дојде единствено со зголемено култивирано производство. Ние веќе напоменавме дека статистиката не ги дели култивираните и собраните во природа растенија. Ова констатација се совпаѓа и со годините на намалување на цените бидејќи се знае дека општ е трендот на зголемување на површините и производството на култивирани видови во светот.




| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Извоз евра/кг | 0,70 | 0,65 | 0,62 | 0,59 | 0,38 | 0,49 | 0,37 | 0,25 | 0,23 | 0,20 | 0,21 | 0,26 | 0,27 | 0,22 | 0,27 | 0,25 | 0,28 | 0,32 |
| Увоз евра /кг | 0,74 | 0,93 | 0,81 | 0,45 | 0,24 | 0,27 | 0,26 | 0,26 | 0,28 | 0,31 | 0,28 | 0,27 | 0,27 | 0,21 | 0,20 | 0,21 | 0,15 | 0,18 |

Извор:ITC-Intracen – Сопствена пресметка

**3.3 Најголеми увозннчки на ЛАР од Република Северна Македонија**

За дасе потврди оваа теза ќе се видат најголемите земји увозннчки како и најголемите земји извознички на Лековитите и ароматични растенија.




Извор:ITC-Intracen – Сопствена пресметка

При анализа на најголемите земји увозннчки на ЛАР од Р.С.Македонија се гледа дека освен традиционалните партнери Србија Словенија и Хрватска и Албанија другите се високо развиените Германија , САД, Франција, Австралија, Шпанија и Канада истите имаат високо развиена хемиска, фармацеутска и прехранбена индустрија што значи дека ние во тие краеви извезуваме суривини за понатамошна преработка.

**3.4.Најголеми извознички во Република Северна Македонија**




Извор:ITC-Intracen – Сопствена пресметка

При анализа на земјите кои извезуваат ЛАР на првите места се Србија и Хрватска каде што и ние сме големи извозници може да се заклучи дека помеѓу овие земји постои интензивна размена, а со самото тоа поврзан економски и технолошки систем. Изненадува Египет меѓутоа ако се анализира парцијално ќе се наметне заклучок дека тоа е една од Афричките земји кои во последните години имаат најголем напредок во подигање на плантажи на лековити и ароматични растенија. Ист е случајот и со Узбекистан, Полска, Унгарија Германија и Бугарија тие земји имаат големнапредок во култивирање на ЛАР Албанија Исто така се наметнува како наш традиционален партнер со секогаш јасно изразен поголем извоз према нас одколку увоз.

**3.5 Социјално економски аспекти на производтво и собирање на ЛАР**

Во оваа подпоглавие ќе истакнеме некои социоекономски проблеми кои го кочат развојот на оваа гранка

Кога се работи за старосната структура, во Република Северна Македонија имаме неповолна старосна структура на собирачите. Со собирање се занимаваат постари лица од руралните области, а само околу 15% е население што се карактеризира како младо. Неедуцираноста е исто така карактеристика на собирачите. Недановска.В (2012). Собирачите, во трка за одредена заработка, собраниот материјал најчесто го предаваат суров и покрај тоа што ако влезат во процес на негова доработка и преработка ќе добијат повисока цена за него. Во Република Северна Македонија има седум компании што се занимаваат со производство и финализација, но доминира една компанија со долгогодишна традиција во областа. Оваа компанија ги има прифатено и апроксимирано високите стандарди во оваа област, веќе има свои пазари и марки на производи на европскиот и светскиот пазар. Во процесот на производство во само еден дел ги користи самоникнатите диви плодови собрани од нашата земја, додека другиот дел компаниите го увезуваат од странство. За тоа имаат повеќе причини, а еве некои од нив:

Пониска цена на увозната суровина. Поголема чистота на увезениот материјал.Повисок степен на примарна преработка, Достапност на увоз на поголеми количини одеднаш. Оваа појава е резултат на фактот што култивација на ЛАР е во почетна фаза и речиси сите плодови се собрани од природата, што не е случај со други земји што имаат респектабилни површини на кои се врши нивно култивирано одгледување, се добиваат поголеми количини со пониска цена што се конкурентни на пазарот.

## 4. ЗАКЛУЧОЦИ

- Извозот во тони драстично опаѓа од 2001 година кога имало извоз од 1210 тони , па се до 2017 кога се бележи вкупен извоз од 200 тони.
- Увозот има променлив тек во анализираните години но во во глобала има пораст така максималниот увоз изнесува 400 тони ЛАР во 2017 година, за првпат во Р.С.Македонија имаме појава на поголем увоз од извоз и тоа во 2 години Во однос на финансиските ефекти извозот има континуирано намалување со мали скокови и падови од 1.739.000 евра во 2001 година се до 2017 година со 800.000 евра.
- Увозот има нагорен тренд од 393.000 евра 2001 па се до 1.873.000 евраво 2019 година Во однос на извоз – увоз се јавува финансиски дефицит од четири години.
- При анализа на најголемите земји увознички на ЛАР од Р.С.Македонија се гледа дека освен традиционалните партнери Србија Словенија и Хрватска и Албанија другите се високо развиените Германија , САД, Франција, Австралија, Шпанија и Канада истите имаат високо развиена хемиска, фармацеутска и прехранбена индустрија што значи дека ние во тие држави извезуваме суривини за понатамошна преработка.
- При анализа на земјите кои извезуваат ЛАР на првите места се Србија и Хрватска Египет,.Албанија,Узбекистан, Полска, Унгарија Германија и Бугарија земји кои имаат голем напредок во подигање на плантажи на лековити и ароматични растенија.
- Со собирање се занимаваат постари лица од руралните области, а само околу 15% е население што се карактеризира како младо. Неедуцираноста е исто така карактеристика . Собирачите, во трка за одредена заработка, собраниот материјал најчесто го предаваат суров и покрај тоа што ако влезат во процес на негова доработка и преработка ќе добијат повисока цена за него.
- Во процесот на производство во само еден дел ги користи самоникнатите диви плодови собрани од нашата земја, додека другиот дел компаниите го увезуваат од странство. За тоа имаат повеќе причини, а еве некои од нив: Пониска цена на увозната суровина. Поголема чистота на увезениот материјал.Повисок степен на примарна преработка, Достапност на увоз на поголеми количини одеднаш.
- Култивирањето на ЛАР во Р.С.Македонија е во почетна фаза токму заради тоа се зголемува увозот,нашата конкурентност е намалена, можностите за развој на оваа гранка е голема заради поволните климатски карактеристики.

**ЛИТЕРАТУРА**

Закон за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија“, бр. 16/04).
Јакимовски, М. (2014). Анализа на Маркетинг Синџирот Кај дивите прехранбени плодови во Република Македонија – Докторска Дисертација
Меловски, Љ. (2008). Валоризација на природните вредности на Шар Планина и проценка на нивната пазарна вредност. МЖСПП
Тановиќ, Н. (2009). Сакупљање, плантажни узгој прерада љековитог биља и гљива, Сарајево.
Унковиќ, М. (2009). Меѓународна економија. Универзитет Сингидунум, Београд
EPI Centar (2010). Profile of the WGP s value Chain in Republik of Makedonija, www.epicentar.com.mk.
Živanović , T. S. (2010). Razvoj tržišta i kanali marketinga lekovitog i aromatičnog bilja u Srbiji, Prikaz magistarske teze LEK. SIROV. Beograd, god. XXX, broj 30
Millaku, F. (2016). INVENTORY OF MEDICINAL AND AROMATIC PLANTS AND WILD BERRIES IN KOSOVO Faculty of Mathematics and Natural Sciences Department of Biology Pristine
UNDP (2010). Анализа и валоризација на биодиверзитетот на национално ниво. Извештај со национален каталог (листа) на видови
UNCTAD (2017). Applicability of traceability systems for citeslisted medicinal plants (Appendices II and III) Greater Mekong: Preliminary assessment. United Nations Conference on Trade and Development (UNCTAD)
www.unctad.org
www.intracen.org
www.stat.gov.mk
www.mzsv.gov.mkwww.epicentar.com.mk